**ПРАВИЛА**
**ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА КЛУБ 200**

## ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

Во рамки на фирмата Еуро Бизнис Центар доо Скопје, како издавач на едицијата 200 најголеми фирми во Македонија, се организира клуб 200. Седиштето на клубот е во Скопје на ул. Кеј 13 ноември кула 3 / 4.

Членувањето во клубот е доброволно и секоја фирма може да стане член на клуб 200 доколку се наоѓа во листата на 200 најголеми или најуспешни фирми за последната финансиска година. Овие листи се дел од едицијата 200 Најголеми фирми во Македонија.

Со клубот 200 управуват членовите преку нивните претставници избрани во соодветните органи на управување.

## ЦЕЛИ НА КЛУБОТ

- Целта на клубот е да обезбеди и понуди широк спектар на услуги на своите членови;
- Членството во клубот значи вклучување во поголема мрежа на контакти за внатрешна соработка, која секако ќе се зголемува со остварување на соработка и партнерство и со други клубови;
- Членството во клубот има значајни користи, меѓу кои една од позначајните е лобирањето и претставувањето на членовите на локално, регионално и меѓународно ниво;
- Самиот клуб претставува и информативен сервис - извор на информации поврзани со режими и можности за инвестирање, трговски, царински, даночни процедури и регулативи;
- Клубот, како претставник на фирмите ќе дава предлози, забелешки по одредени предлог закони, правилници што треба да бидат донесени од страна на Владата на Р. Македонија;
- Клубот има и своја веб страна која претставува адресар на фирмите членки, извор на трговски информации, настани и активности реализирани од страна на клубот како и идни планирани и сл;
- Сите членови на клубот, се претставени на веб страната на клубот, каде имаат и директен линк до нивната веб страна;
- Размена на знаење, искуство и информации преку организирање на семинари со експерти од земјата и странство.

## ЧЛЕНСТВО ВО КЛУБОТ

Член се постанува со потпишување на апликација за членство  од страна на генералниот менаџер. Самото членството трае 1 година од денот на аплицирањето. Членството се продолжува автоматски, доколку не биде побарано од страна на членот со писмена изјава за прекинување на членството.

Членството за фирмите кои имаат закупено простор за претставување во едицијата 200 Најголеми, е бесплатно. За сите останати фирми износот на чланарината изнесува 70 EUR годишно + ДДВ, во денарска противвредност.

Доколку следната година некој од членовите не биде дел од листата на 200 Најголеми, во тој случај добива право и таа година да остане член во собранието доколку се плати членарина. Во случај две години по ред да не е на листата, тогаш го губи правото да биде член во собранието.

<u>Престанок на членството:</u>

1. Со доставување на изјава за престанок на членство
2. Доколку не се уплати членарината 30 дена од истекот на рокот на плаќање
3. Доколку 2 години по ред не се наоѓа во листата на 200 најголеми
4. Доколку грубо ги прекршува правилата на клуб 200

Клубот може да има и придружни членови без право на гласање. Придружните членови треба да бидат стручни, еминентни, лица од најразлични области на делување како на пример:

- Владини институции
- Дипломатски претставништва
- Финансиски институции
- Видни личности од областа на науката, уметноста, културата, спортот и др.

Клубот на сите свои членови ќе доделува сертификати за членство.

**ОРГАНИ НА КЛУБОТ 200**

Органи на Клуб 200 се:

1. Собрание на клубот
2. Совет на клубот
3. Претседател на клубот
4. Координатор на клубот

1. Собрание на клубот

Собранието на клубот е највисок орган на клубот.

Собранието на клубот го сочинуваат 200-те Најголеми и Најуспешни фирми во Македонија кои што се наоѓаат на ранг листата во едицијата 200 најголеми фирми во Македонија, за последната финансиска година. Членовите во собранието ќе се менуваат од година во година, во зависност од нивните остварени финансиски резултати.

Собранието на клубот:

- ги донесува Правилата за функционирање на клубот со просто мнозинство од присутните членови на Собранието
- ја усвојува годишната програма на клубот
- ја утврдува висината на чланарината
- утврдува и организира комисии за посебни барања, доколку има потреба
- ги утврдува критериумите за избор на Советот на клубот
- ги избира и разрешува членовите на Советот

Собранието го избира Советот на клубот на следниов начин:

- На гласачко ливче ќе се наоѓаат сите фирми - членки кои го исполнуваат критериумот за членка на советот;
- Собранието бира 15 фирми-членки за во Советот по пат на тајно гласање со заокружување на 15 фирми;
- Член на собранието може да гласа и за својата фирма доколку се наоѓа на гласачкото ливче;
- Доколку некој од избраните членови во советот се откаже од своето место, тогаш во Советот би влегол членот кој според бројот на гласови би бил следен за влез во Советот.

2. Совет на клубот

Собранието на Клуб 200 избира Совет. Советот го сочинуваат 15 фирми.

Критериуми за избор на членови во Советот

1. Фирмата да се наоѓа на листата на 200 најголеми и 200 најуспешни фирми истовремено или
2. Фирмата да се наоѓа до 30-то место во 200 најголеми или 200 најуспешни фирми

Советот е одговорен за формулирање на стратегијата на клубот, спроведување на истата, организација на клубот, односно има менаџерска улога.

Советот има мандат од 3 години.

Советот на клубот:

- го избира Претседателот на клубот
- ја предлага и спроведува годишната програма на клубот
- иницира активности за соработка со други бизнис клубови од земјава и странство, владини институции и други организации од интерес на самиот клуб
- иницира активности за неформално дружење на членовите на собранието

<u>3. Претседател на клубот</u>
Претседателот на клубот го застапува и претставува Клубот.

Претседателот на клубот е избран од страна на Советот со мандат од 1 година.
Право на приоритет за Претседател на клубот, имаат спонзорите. Доколку некој од спонзорите на клубот не прифати да биде претстедател на клубот, тогаш претседателот на клубот се избира од страна на Советот.

<u>4. Координатор на клубот</u>
Координатор на клубот е постојан член во клубот, делегиран од страна на Еуро Бизнис Центар доо Скопје.

Тој е одговорен за оперативниот менаџмент на клубот, континуитетот на функционирање на клубот и административните работи.

## СРЕДБИ НА КЛУБОТ

Сите членови на клубот ќе се среќаваат еднаш месечно. Средбите ќе се случуваат последниот четврток во секој месец во 19:00 часот, на локација која дополнително ќе биде утврдувана. На овие средби, пожелно е присуство на првите луѓе од фирмите и не е пожелно тие да бидат заменувани со други претставници од фирмите.

Пред одржување на секоја средба, состанок, секој член ќе добие дневен ред, агенда за самата средба.

Секој член може да предложи тема за одредена средба, состанок. Темата мора да биде најавена на координаторот, најдоцна 15 дена пред датумот на наредната средба, за да можат соодветно да бидат известени сите членови на клубот.

Членовите на советот, претседателот и коодинаторот ќе организираат семинари, предавања, форуми, наменети за различни нивоа на менаџмент во една фирма, што значи посебно ќе бидат организирани семинари за генерални, финансиски, маркетинг менаџери, книговодители и сл.

Како гости на овие средби можат да бидат поканети домашни и странски експерти од разни области, претставници на јавниот и политичкиот живот и други личности, во зависност од темата што е предмет на обработка.

Клубот ќе организира и неформални средби од различен карактер.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Измени и дополнувања на Правилата се врши по истата постапка како и донесувањето на истите. Предлози за измени и дополнувања треба да се достават во писмена форма, најмалку 15 дена пред оддржување на Собрание на клубот.

Скопје, 14.12.2006 Претседател на клуб 200